**Известување за концентрација со која Атрадиус Цоллецтионс Холдинг Б.В., Холандија, ќе стекне контрола над Про Колект ЦЦР, Словенија (предмет бр. 08-68/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 25.04.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на контрола од страна на Атрадиус Цоллецтионс Холдинг Б.В., со регистрирано седиште на адреса Давид Рицардостраат 1, 1066 JC Амстердам, Холандија (“Подносител”), над друштвото Про Колект ЦЦР, друштво за извршување, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија (“Целно друштво”).

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

Трансакцијата се состои од стекнување на 100% удел во основната главнина на Целното друштво според кое Подносителот ќе стане единствен содружник на Целното друштво.

Регистрираната дејност на Подносителот е финансиски холдинг, и Подносителот дејствува како холдинг компанија на определена група на друштва кои вршат услуги на B2B (business to business) наплата на долгови за Атрадиус Н.В., неговите фирми-ќерки и трети страни.

Подносителот е дел од Атрадиус Групацијата, а Атрадиус Групацијата е дел од Цаталана Оцциденте Инсуранце Групацијата (Catalana Occidente Insurance Group) кое е во сопственост на Групо Цаталана Оцциденте С.А. (Grupo Catalana Occidente S.A.) со регистрирано седиште во Шпанија.

Подносителот, Атрадиус Групацијата и Цаталана Оцциденте Инсуранце Групацијата не се присутни во Република Северна Македонија преку регистрирани ентитети.
Целното друштво беше основано на 26 октомври 2022 како резултат на издвојување од Про Колект ДОО кое стана единствен содружник на Целното друштво додека Целното друштво стана универзален правен следбеник на Про Колект ДОО во однос на правата и обврски кои беа пренесени во постапката.

Целното друштво е дел од Про Колект Групацијата. Главната дејност на Про Колект Групацијата е наплата на долгови. Покрај тоа, Про Колект Групацијата врши неколку други услуги, односно на клиентите им обезбедува доверливи кредитни извештаи, менаџмент

консултации, мониторинг и нуди совети во сите фази на судски постапки, покрај нудењето совети во други области. Про Колект Групацијата е активна во повеќе од 80 држави и нејзината вклученост во светскиот регистар на агенции за наплата на долгови овозможува покривање на наплатата на долговите во повеќе од 120 земји на глобално ниво.

Целното друштво е директна фирма-ќерка на Продавачот.

Целното друштво е сопственик на Про Колект ДООЕЛ Скопје ("Про Колект Скопје") со регистрирана адреса на ул. Христо Татарчев бр.121-Г, Скопје, Република Северна Македонија, кое има регистрирана приоритетна дејност 82.91-дејности на агенциите за собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии.

По однос на релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар на наплата на долгови во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

18.04.2023 година, Скопје